Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

За таа цел секој Институт имаше задача да се претстави во краток временски рок од 10-тина минути со соодветна презентација и да ги запознае матурантите со соодветната насока. Околу 300 матуранти беа во обиколката низ просториите на Машинскиот факултет. Покрај овој официјален дел од Отворениот ден, паралелно се случуваше и пикник забава на сите паркинзи и тревници околу зградите на Факултетот. На големиот паркинг кон бараките беше поставена бина, на која студенти од МФС пуштаа музика, свиреа и настапуваа со своите бендови. Матурантите, студентите и другите гости се дружеа и уживаа во добрата музика и убавото време. Малку похрабрите учествуваа во околните X-treme активности, како што беше скокањето на трамболина. На големиот тревник имаше штанд на кој се продаваа скара и пијалоци. Во 16 часот се одржаа натпревари по математика и изработка на бизнис план, каде прво и второпласираниот освоија награди, во вредност од 1500, односно 1000 денари, месечни стипендии во текот на првата година од студирањето доколку се запишат на МФС.



Потоа Деканот на МФС ги додели наградите на најуспешните натпреварувачи и им се обрати на присутните кои беа во значително голем број. Во 18 часот започна обиколката околу факултетот и матурантите предводени од водителот Томче и жонглерите на штули беа дел од сите активности што се случуваа: цртање графити, качување по вештачката карпа во салата, изведување на скокови со инструкции од Parkour Beyond и тестирање на автостакла. Имаа можност да погледнат изложени возила од Порше Македонија, механизациони машини, спортски коли и формула кои беа дел од престојната трка на Водно, мотори од МФМ, кајак и пропратна опрема од КФМ и изведба на прва помош од страна на Црвен Крст. Студентската организација IAESTE зема активно учество во активностите на Пикник забавата, а се презентираа и студенската организација BEST и Студентскиот парламент на МФС. Обиколката заврши со презентација на прецизно возење на автомобили од страна на студентите на МФС и скутери од страна на професионални тркачи од МФМ на стазата која ја направија и означија студентите на паркингот на новата зграда. Настанот беше медиумски покриен на неколку телевизиски емисии и промоција на Redbull и Nescafe.



Во 20 часот музика почна да пушта познатиот Скопски DJ, Гоце (Саф) и направи одлична забава. На големиот тревник и паркингот играа матурантите, студентите, гостите и вработените на МФС. За крај на забавата, како изненадување имаше огномет во кој уживаа повеќе 2000 луѓе.



## НАГРАДИ

Тројца студенти од насоката Индустриски дизајн учествуваа на меѓународна изложба на пронајдоци, нови технологии и индустриски дизајн во Проналазаштво Белград и освоија значајни награди во категоријата индустриски дизајн. Николиќ Александар освои сребрен медал за дизајн на автобус ТИТАН, Огненов Кирил и Стојковиќ Владимир освоија бронзени медали за дизајн на сегментен фрижидер и повеќенаменска микробранова печка.

## ПОСЕТА

На 1.6.2010 година Машинскиот факултет го посетија претставници на компанијата Schaffner, компанија која се занимава со производство на ЕМС/ЕМИ компоненти, хармонични филтри, магнетни компоненти, трансформатори, стабилизатори итн., наменети за автомобилската, електронската, јавниот превоз, телеком индустријата и други. Тие ги истражуваат можностите за нова производна локација, за што ја разгледуваат Македонија како потенцијална земја за инвестирање. За време на посетата на Македонија, г-дин. Alexander Hagemann, главен извршен директор на Schaffnep оствари и посета на Машинскиот факултет каде беа дискутирани можностите за соработка во областа на формирање тренинг програми, како и потенцијалот на инженерскиот кадар во Македонија.

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Во периодот од 4 до 7 Мај 2010 година, студентите од насоката ЕЕ, АФИ, ХА и ИЖИС беа во посета на Хидроцентралата Ѓердап 1, Термоцентралата Никола Тесла и водовот на Белград, како и музејот на Никола Тесла. Студентите од Машинскиот факултет ги посетија своите колеги од Машинскиот факултет во Белград каде што ги разменија своите искуства и ги посетија лабораториите за Хидраулика.



## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец мај 2010 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Стојанчо Стојмановски, на ден 20 мај 2010 година, реализира службено патување во Хрватска заради учество на семинар за опрема под притисок.
2. Проф. д-р Роберт Миновски во период од 12-15 мај 2010 година учествуваше на работниот состанок за ТЕМПУС проект кој се одржа во Џирона, Шпанија.
3. Проф. д-р Атанас Кочов во период од 9-14 мај 2010 година во состав на Владината делегација на РМ оствари службено патување во Израел.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**19.06.2010**
**ДЕН НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

**17.06.2010**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**24.06.2010**
**21 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

### Техничко уредување:

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

## Година 2010, мај, број 91

# *ФАКУЛТЕТСКИ*
# МФС
# *ИНФОРМАТОР*

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

На 14 мај 2010 (петок) на Машински факултет во Скопје се одржа Отворен ден, кој беше проследен со многу активности под мотото Extreme sports Vs. Extreme science. Отворениот ден започна во 15 часот со пречек на матурантите во холот на МФС од страна на асистенти и студенти. Во групи, матурантите предводени од студенти беа во обиколка на кампусот на факултетот со цел да се запознаат со инфраструктурата на МФС и со активностите на секој Институт поединечно.

